# САРДИЧ МЦ ДОНИРАШЕ ОГРЕВНО ДРВО ВО ОУ „ЦВЕТАН ДИМОВ“ ВО КАЗАНДОЛ



Со оваа активност, која се одржа на 15 декември, компанијата Сардич МЦ ја продолжи праксата на реализација на донаторски активности, со што уште еднаш беше истакната општествената одговорност на компанијата и односот што оваа компанија го гради кон жителите на Казандол и општина Валандово.

Огревно дрво кое е добиено од површините на кои Сардич МЦ го гради рударскиот комплекс, со одлука на компанијата овој пат беше одлучено да се донираат во ОУ „Цветан Димов“ во Казандол, од причина што објектот се загрева на дрва а со цел да се овозможат подобри услови за настава на учениците од Казандол.





По тој повод, директорот на основното училиште на управителот Бошко Сибиновски му додели благодарница за компанијата Сардич МЦ, за како што истакна одговорениот и хуман гест на компанијата кон основното училиште и учениците од Казандол. На настанот, управителот Сибиновски истакна дека Сардич МЦ и во идниот период ќе продолжи со реализација на ваков вид донаторски активности при што побара од претставниците на училиштето да информираат за одредени потреби што ги има училиштето а за кои може да излезе во пресрет компанијата.



Компанијата Сардич МЦ покрај оваа активност во текот на минатата година изврши донација на огревно дрво на повеќе семејства во општина Валандово кои се корисници на социјална помош и најави дека и во идниот период ќе продолжи со реализација на општество одговорни активности кои се во насока на поддршка и грижа за граѓаните.

